СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2217/5
12.04.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работа на ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ВОНРЕДНА седница на Совет на Општина Кавадарци закажана за 12.04.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ВОНРЕДНА седница на Совет на Општина Кавадарци закажана за денес.

Заради утврдување на присутноста на советниците на седницата предлагам поединечно повикување.

РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ:Горица Пеливанова Вилхем
ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ:Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Гинова Каракутова
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Душица Крстиќ
ДУШИЦА КРСТИЌ :Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова
БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ :Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ :Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов. Тука.

РИСТО САКАЛИЕВ Ташо Радњански

ТАШО РАДЊАНСКИ Тука

Ристо Сакалиев .

Јосиф Стојанов

ЈОСИФ СТОЈАНОВ :Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев

БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Никола Трендафилов тука

Лазар Туриманџов .

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :Тука .

На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема .

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноправно да одлучува.

Согласно член 40 став 4 од Законот за локална самоуправа "пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница".

Оправданоста ќе ја образложи Градоначалникот г-дин Митко Јанчев . Повели Градоначалник .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, Почитувани Советници, оваа четиринаесетта Вонредна Седница на Советот за оправданоста сакам да ве информирам дека согласно проектите на Локалната Самоуправа и Министерството за транспорт и врски при грант од Светска Банка, Општина Кавадарци при распределбата има добиено, односно одобрено 8 улици и тоа: улица "Пионерска", улица "Илинденска", "Браќа Цунови", "Западен Булевар", од еден кружен тек до кружниот тек до "Тиквеш", улица "Дисанска" со нејзино проширување во кои што се тендерираат во 3 фази . Првата фаза на тендерирање која што го вршеше Светска Банка и Министерството за транспорт и врски беа: улица "Илинденска", "Пионерска" и "Браќа Цунови" , тие се поминати и во среда треба да направиме вовед на работа на изведувачот, ми се чини дека е "Гранит" Скопје, меѓутоа по сугестија и по укажување на Министерството за транспорт и врски и финансии дека треба да се донесат одлуките за отпочнување со работа , односно приоритетни инвестиции и тоа под точка еден ни е

1.Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица „Браќа Цунови„" како приоритетна инвестиција, значи тука комплетен грант од Светска Банка

2. "Реконструкција на улица „Илинденска„" заедно со тротоари дека е приоритетна улица и

3. Улица „ Пионерска„" и

нормално треба Советот да донесе овластување за потпишување на грантот од Светска Банка, да бидеме овластен, утре да може да се потпише тој грант.Значи оваква седница здрави, живи ќе имаме после

второто тендерирање на другите улици коишто беа споменати како "Западен Булевар", "Дисанска" и ми се чини дека беше и патот накај езерото , доколку нормално нели ги одобрат и тендерират , таква е праксата и практиката на Светска Банка, така да ова Вонредна Седница е само од техничка причина за давање на согласност за приоритети и давање согласност на овластување за потпишување на договорите.Благодарам.

Врз основа на тоа ВЕ повикувам да гласаме за оправданоста на причините за свикување на оваа ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ВОНРЕДНА седница.

Дали има воздржани и против за оправданоста на седницата? Нема , едногласно , 19 за.

Со решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог на Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица „Браќа Цунови„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;
2. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица „Илинденска„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;
3. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица„ Пионерска„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;
4. Предлог-Одлука за одобрување на Договор за имплементација на под проект „Реконструкција на ул.„Браќа Цунови„ ул.„Илинденска„ и ул.„Пионерска„ и овластување на Градоначалник на Општина Кавадарци за да потпише Договор за имплементација;

Согласно член 40 став 3 од Законот за локална самоуправа на вонредна седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме на вака предложениот дневен ред.

Колеги кој е за усвојување на ваквиот дневен ред? Има ли воздржани и против? Нема, 19 за .

Преминуваме на разгледување на точка број 1..

1. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица „Браќа Цунови„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор?

БОЖАНКА МИНОВА:Јас би сакала една забелешка техничка, во одлуките за одредување на под-проектот како приоритетна инвестиција во сите одлуки има направено еден пропуст, не пишува, пишува проектот за поврзување на локални патишта, а треба да стои проект за поврзување на локални патишта и улици. Тоа е најверојатно некоја техничка грешка, меѓутоа добро е да се корегира, да се исправи едно и имам прашања . Колкава е сума, ние во член 2 од одлуките имаме информација за површината на улиците кои што ќе се реконструираат, меѓутоа ме интересира колку ќе кошта, како пари колку изнесува таа

реконструкција по улици на “Браќа Цунови” , на “Илинденска” и “Пионерска” ако ги имате како податоци. Ви благодарам.
АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:Јас би сакала да ве потсетам за заклучокот кој што го донесовме за при реконструкција на улици и патишта, градење нови улици да се земе во предвид нивелеирањето на тротоарите и улиците, односно да се внимава на пристапноста за лицата со посебни потреби . Ја верувам дека со оглед на тоа што се работи за Светска Банка дека проектите се на ниво и дека е решен овој проблем, меѓутоа би сакала еве да се фокусирам и на тој дел малку да објасни Градоначалникот дали е запазен целосно . Благодарам.
ПЕТАР НИКОЛОВ: И јас би имал нешто да прашам. Во одлуките, кај сите договори од член 1 се одредува под-проект за реконструкција на улица “Браќа Цунови” како приоритетна инвестиција од Општина која ќе се реализира согласно Договорот за заем, а Градоначалникот нагласи дека тоа е грантот, сега дали се работе за заем од Светска Банка кај што Општина Кавадарци треба да ги враќа тија пари или тоа е грант, оти у член 1 пише дека е заем за финансирање, тоа некако ако може Градоначалникот да го објасне .Тоа е .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас би почнал еве од последното прашање во врска за заемот . Значи има одлука за именување и дополнување на одлуката за аплицирање за средства од Договор за заем за Проект за поврзување на локални патишта . Тоа е Сл. Весник кој што ги има сите општини, кои од тие 35 000 000 евра колку има средства добиено. Општина Кавадарци е на 29 место , не е ова бодирање него така е по азбучен ред веројатно, имаме добиено 1 112 000 евра вкупно средства, значи државата зима заем од Светска Банка, меѓутоа према општините е комплетен грант , немаме обврска ние како општина да ги враќаме средствата назад . Распределбата на целокупните средства заедно ова го разговаравме уште лани на ЗЕЛС беше врз основа на регистрирани возила , 62 800 000 евра државата зима заем од Светска банка како сума, тиа 62 800 000 евра се распоредени вкупно во 80 општини и град Скопје како 81 место . Значи тоа може да го видите во Сл. Весник излезено на 10 февруари 2020 година, значи ланска година е излезено. Импликацијата гледате колку споро оде, цела година се чекаше за одобрување на проекти . Можам тука заради транспарентност на јавноста да кажам дека Општина Кавадарци аплицираше со повеќе проекти и тоа улица “Илинденска”, која што е веќе одобрена во ова веќе прва фаза е опфатено рехабилитација на горен строј на коловозна конструкција, односно од кружен тек до улица “Тиквешко Востание “ комплетно гребење и навелирање и асфалтирање на асфалт и од стара автобуска до “Лимба “ продолжување на Бит зоната со гранит како што е во претходната фаза, во делот на самиот плоштад . Таа сума со проект проектирана сума, јас можам да кажам проектирана сума е 15 450 000 денари или 250 000 евра . Верувам дека на тендер е симнато, ги немаме тие точни информации. Второ улица “Браќа Цунови” која што е исто така рехабилитација на горен строј на коловозна лента со вкупна површина од

572 м2 од мостот "Слога" до улица "Браќа Хаџи Тефови" , таа е 5 700 000 значи негде околу 95 000 евра прилично голема улица.. м2 и улица "Пионерска" 420 м е целата улица, рехабилитација на горен строј на коловозна лента и атмосферска канализација, атмосферска канализација си ја заврши Општина Кавадарци, пошто Светска Банка не ја прифати атмосферската, таа уште лани ја завршивме, тендерирањето на таа улица е 6 000 000 денари или отприлика околу 100 000 евра . Во втора фаза ни се аплицирани улица "Дисанска" каде што има 349 м во делот од "Шишка" до стадионот, таму ќе имаме реконструкција и пррширување на уште една лента 5 600 000 е таа , улица "Западен Булевар", таму е 610 м, од кружен тек "Тиквеш" до кружен тек "Моше Пијаде", реконструкција на горен строј на коловозна лента 10 500 000, така да ние се ориентираме и се определивме од сумата која што ни е одобрена од 1 100 000 да можеме тие пари рационално да ги искористиме според проектите .Инаку имавме 10 проекти, а ни се одобрени 6 проекти според нивните критериуми на Светска Банка и според оштетувањето на улиците, значи они веќе 6 месеци ги гледаа проектите, неколку пати беа на терен заедно со надзор, неколку пати пак бараа измени на проектите и нормално според увидот на ситуацијата на самата коловозна лента понатаки следување и одобрувањето за нивни реконструкции. Така да сите моменти се земени во аспект и ова во делот за лица со попреченост, да земено е кај улица "Илинденска", поготово тука централното подрачје и реконструкција на коловозната лента. 1 112 000 евра е грант за Општина Кавадарци, нормално без никаква обврска за враќање, а во делот кај што г-ѓа Минова имаше забелешка, да точно е тоа дека во Проектот стое поврзување на локални патишта, првично Светска Банка критериумите и условите беа дека парите ќе се даваат грант на општините преку државата со задолжение, со заем за поврзување на локални патишта, после тоа се измени одлуката , сега не знам точно во кој Сл. Весник е, каде што се додади дека ќе бидат за локални патишта и улици. Така да наместо е забелешката , треба да стое во одлуките и улици , затоа што во прв момент немаше критериум за улици, после тоа се одобри да бидат вметнати и градските улици во општините. Мислам дека тоа беа и прашањата . Благодарам .

Одиме со точка 1 на гласање. Дали има воздржани и против ? Нема , 19 за.

2. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица „Илинденска„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;

Колеги јас отварам расправа по втората точка. Образложенијата беа дадени за сите три точки , ако има некој за збор? Нема никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема .Констатираме 19 за.

3. Предлог-Одлука за одредување на под-проектот "Реконструкција на улица„ Пионерска„" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање . Има ли воздржани и против? Нема, констатираме 19 за .

4. Предлог-Одлука за одобрување на Договор за имплементација на под проект „Реконструкција на ул.„Браќа Џунови„ ул.„Илинденска„ и ул.„Пионерска„ и овластување на Градоначалник на Општина Кавадарци за потпише Договор за имплементација;

Колеги отварам расправа и по ова 4 точка . Дали некој бара збор? Не бара никој, одиме со гласање. Воздржани и против дали има? Нема. Констатираме 19 за.

Исцрпен е Дневниот ред . Седницата ја прогласувам за затворена .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас од мое име и од има на Општината да се заблагодарам за ова време што го одвоивте и во среда очекуваме веќе по потпишувањето на овие одлуки и по потпишување на договорот да се отпочне со работа односно воведување на работа, ми се чини дека прво ќе се даде приоритет на улица "Пионерска", па улица "Илинденска", па на "Браќа Џунови", така да тие се од клучно значење сите улици и единствени улици во градот што останаа веќе во полоша форма и што треба да се завршат , нормално по исцрпувањето на овие средства ќе видиме од тие 1 112 000 евра колку ни остануваат , па да ги тендерираме, односно по втората фаза ќе има тендерирање на трета фаза, ја би очекувал и би сакал да останат доволно средстав да го тендерираме и патот од Брушани населбата до ХЕЦ Тиквеш. Тоа ни е како последна фаза, тоа го разговаравме минатиот совет, али сето тоа зависи од условите и средствата кои што ќе останат од овој буџет . Благодарам .

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев